Друштво за хотелиерство,угостителство
туризам и трговија
ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД
Бр. 02 – 194/10
02.06.2020 година
Охрид

Врз основа на член 20 од Статутот на Друштвото за хотелиерство, угостителство, туризам и трговија "ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ" А.Д.-Охрид, член 383 став 1 точка 8, член 478 став 1 точка 2 и член 479 став 2 од ЗТД, Собранието на акционери на својата седница одржана на ден 02.06.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за назначување на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и Финасиските извештаи на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ А.Д.-Охрид**

1. За овластен ревизор за вршење ревизија на Годишната сметка и Финансиските Извештаи на ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ АД Охрид за 2020 година се назначува Друштвото за ревизија ПЕЦЕВ РЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на улица "Дрезденска" бр.52, Скопје.

2. Овластениот ревизор од став 1 на оваа Одлука поднесува Извештај за извршената ревизија, според Меѓународните Ревизорски Стандарди (МРС) објавени во Службен весник на Република Македонија, што се ажурираат на годишна основа заради усогласување со тековните стандарди онака како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Меѓународната Федерација на сметководители (ИФАЦ).

3. Се овластува Генералниот директор на "ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ" А.Д.-Охрид да го потпише Договорот за вршење ревизија со назначениот овластен ревизор од став 1 на оваа Одлука.

4. Трошоците за извршената ревизија паѓаат на товар на "ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ" А.Д.-Охрид.

5. Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач со Собрание

"ХОТЕЛИ-МЕТРОПОЛ" АД Охрид